Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
(ИБРД 9038МК)
ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ПРОЕКТ : P149990

# ОГЛАС ЗА РАБОТЕН АНГАЖМАН НА ОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ПРОЕКТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Владата на Република Северна Македонија доби заеми од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка за имплементација на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор. Целите за развој на проектот се: (i) намалување на потрошувачката на енергија во општинскиот сектор; и (ii) го поддржуваат развојот и спроведувањето на одржлив механизам за финансирање на енергетската ефикасност во јавниот сектор. Проектот има за цел да ги постигне овие цели преку овозможување инвестиции во згради во општинска и (централна) влада и употреба на обновливи извори на енергија.

Со цел успешна имплементација на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, Министерството за финансии има потреба од ангажирање на индивидуален локален консултант за следната краткорочна позиција:

**Соработник за енергетска ефикасност**

Основни надлежности на соработникот за енергетска ефикасност:

Помош на консултантската фирма која ќе го поддржи формирањето на Фондот за ЕЕ според компонентата 3 во добивањето на потребните документи за време на нејзината почетна мисија и во идентификувањето на бариерите за финансирање на ЕЕ врз основа на лекциите од завршените проекти за ЕЕ. Помош на Министерството за економија да формира работна група со различни засегнати страни за развој и усвојување на регулаторната рамка на Развојна банка на Северна Македонија за формирање и операционализација на Фондот за ЕЕ. Одржување на редовна комуникација и размена на информации со работната група и сите засегнати страни вклучени во процесот на развој и усвојување на регулаторната рамка на Развојна банка на Северна Македонија за Фондот за ЕЕ. Помош на Министерството за економија при организирање на консултативни состаноци и работилници со различни засегнати страни (како што се на Развојна банка на Северна Македонија, клучни владини агенции (на пр. Министерства за финансии, економија, локална самоуправа), општини, приватниот сектор, граѓанското општество и донатори, меѓу други) при изготвување на регулаторната рамка и неопходните измени на законодавството за да се овозможи на Развојна банка на Северна Македонија, да управува со Фондот за ЕЕ. Помагање на Министерството за економија во процесот на доставување до Владата на нацрт-регулаторните и законските измени на Развојна банка на Северна Македонија, вклучително и усогласување на нацрт-амандманите со Секретаријатот за законодавство. Помош на Министерството за економија при подготовката на какви било информации до Владата во врска со Извештајот кој ја сумира препорачаната структура на управување на Фондот, потребите и аранжманите за управување и персонал Помош на Министерството за економија во процесот на изработка и донесување подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за енергетска ефикасност.

**Потребни квалификации:**

- Универзитетска диплома во соодветната област, вклучително енергетика, машинство или електротехника.
- Минимум три години работно искуство во енергетскиот сектор.
- Работно искуство во јавниот сектор ќе се смета како предност.
- Добро разбирање на соработката помеѓу владините институции, вклучително локалната самоуправа (општините) и меѓународните финансиски институции.
- Добри комуникациски и социјални вештини.
- Компјутерски вештини (Word, Excel, PowerPoint).
- Познавање на македонски и англиски јазик.

Лицата за наведените позиции на консултанти ќе бидат избрани во согласност со Правилникот за набавки на Светската банка за заемопримачи за ФИП– Набавки во рамки на финансирање инвестициски проекти“ од јули 2016 година, ревидиран во ноември 2017 и август 2018 година („Правилник за набавки“),.

Заинтересираните консултанти кои ги исполнуваат условите можат да добијат повеќе информации на долунаведената адреса во текот на работното време од **08:30 до 16:30** часот, секој работен ден од понеделник до петок.

Заинтересираните консултанти се покануваат да ги доставaт своите работни биографии на англиски јазик по електронски пат во форма на word документ или pdf формат која покрај се треба да содржи преглед кој ја потврдува нивната квалификуваност за исполнување на наведените квалификации. (**во апликацијата задолжително треба да се наведе позицијата за која се аплицира и апликацијата не смее да биде поголема од 10MB**).

Изразениот интерес, со работната биографија и сите други релевантни документи во прилог, треба да бидат доставени на долунаведената електронска адреса не подоцна од **14 јануари 2021 година, до 16:00 часот** на следнава адреса.

Министерство за финансии
Даме Груев, 12
1000 Скопје
Република Северна Македонија
e-mail:
aleksandar.najdovski@finance.gov.mk